ПАТРИМОНИУМ.МК, година 13, број 18 / 2020
UDK 902.2(497.775)”652”

ДушкоТЕМЕЛКОСКИ
НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Прилеп
duletem@yahoo.com

ПРЕДРИМСКА СТИБЕРА

Клучни зборови: *Антички град Стибера, предримско време, хеленистички период, карактеристични облици и декорација, садови, светилки, теракоти, монети, фибули.*



Сл.1 - Географска позиција на Стибера

Абстракт: *Античкиот град Стибера во близина на прилепското село Чепигово е познат како урбан центар на областа Девриоп во северозападниот дел на котлината Пелагонија, кој својот зенит го имал во империјалниот римски период за време на династиите на Антонините и Северите (I и II век). Во сите досегашни археолошки истражувања и презентирања, акцентот е ставан на откривањето на остатоците од градбите од овој период, додека наодите од предримско време се анализирани и претставени во мошне незадоволителна мера. Пронајдено е богатство од движен материјал (керамички садови, теракоти, светилки, монети и накит) кој според карактеристичните особености на облици и декоративни решенија го прикажуваат сјајот на градот и пред доаѓањето на Римјаните на овие простори. Со идни истражувања треба да се отворат нови површини во подлабоките хоризонти, во кои се евидентирани засега скромни остатоци од градби од хеленистичкиот период, со што ќе се надополнат сознанијата за раното егзистирање на градот Стибера.*

Позиција на градот Стибера и краток историјат на археолошките истражувања

Стибера е еден од најголемите антички градови во Република Македонија. Со археолошки истражувања е убицирана нејзината местоположба на околу 16 км југозападно од Прилеп, во рамките на атарот на селото Чепигово, но и во дел од атарот на соседното село Тројкрсти кон југ (Сл.1).[1] Површинските наоди (градежни остатоци од градби и движен археолошки материјал) наоѓани континуирано во минатото при земјоделски работи од страна на жителите на двете села, упатуваат на распосланост на градот на поголем простор што го зафаќа самото село Чепигово и двете страни на реката Блато, се до нејзиниот влив во Црна Река во непосредна близина на селото Тројкрсти. Остатоци од градби кај селото Чепигово прв уочил уште во 1861 година Хезеј (Heuzey).[2] Меѓу двете светски војни, односно во 1924 година, српскиот археолог Никола Вулиќ врши мали по обем археолошки истражувања на две локации.[3] Едната е кај мостот на реката Блато на западниот влез во селото Чепигово, односно во подножјето на нискиот рид Бакарно Гумно (Сл.2), додека другата е во близина на вливот на Блато во Црна Река. Со ископувањата се откриени градби со поголеми размери, кои по завршувањето на истражувањата биле засипани. Овој истражувач нешто подоцна евидентирал и движни наоди од мермер (статуи и епиграфски споменици) со потекло од Стибера.[4] Посериозни ископувања во 1953 врши Археолошкиот музеј - Скопје под раководство на Душанка Вучковиќ Тодоровиќ.[5] Нивниот акцент е на простор на ридот Бедем и неговото западно подножје (Сл.2). Доминантниот рид со ориентација северозапад - југоисток и позициониран на околу 300 м јужно од селото Чепигово, претставува најзападна точка на Тополчанската преграда што ја дели котлината Пелагонија на Прилепско и Битолско поле. Со истражувањата на овој рид, кој всушност со бедем бил оформен како акропол на Стибера, откриен е Храм на заштитничката на градот - божицата Тихе (Сл.3), а во неговото подножје Гимназион (Сл.4). На истите градби во 1959 мали истражувања врши Бошко Бабиќ од тогашниот Народен музеј од Прилеп.[6] Со истражувачките кампањи раководени од Костадин и Лилјана Кепески од прилепскиот Завод и Музеј во периодот

Сл.2 - Истражувани микролокации

од 1984 до 2011 година, двете градби се речиси целосно истражени, а откриена е и градба посветена на култот на императорот.[7] Од 2014 година со истражувањата раководи Душко Темелкоски од НУ Завод и Музеј - Прилеп, пристапувајќи кон отворање на нови површини северно и јужно од Храмот на Тихе. Северно е евидентирана градба од јавен карактер, со индикации дека можеби станува збор за Собранието на градот.[8] Но оваа градба сепак останува недоистражена поради тоа што земјиштето каде што е позиционирана е во приватна сопственост. На просторот јужно од Храмот, односно во продолжение од него кон тој правец, се откриени три градби: Градба (веројатно) во служба на Храмот, Работилница за изработка на теракотни фигурини и светилки и Светилиште посветено на божество со птичјо лице (Сл.5 и 6).[9] Последниот истражувач го расчистува просторот на локацијата во подножјето на ридот Бакарно Гумно, при што се потврди дека мермерните архитектонски елементи откриени во 1924 година, припаѓале на градски жртвеник од отворен тип. Пронајдениот скромен археолошки движен материјал не понуди сознанија кому била посветена оваа култна градба.

[1] *Археолошка карта на Република Македонија*, 1996, 316-318.

[2] Папазоглу Ф., 1957, 219.

[3] ВулиЋ Н., 1931, 186-188, 190, 191, кат.бр.502-508.

[4] ВулиЋ Н., 1941-48, 388, 389.

[5] Вучкович Тодорович Д., 1963, 59-101.

[6] Aleksova B., 1959, 127, 128.

[7] Кепеска Л., Кепески К., 1990, 161-170;Микулчиќ И., 1996, 15-36; Кепески К., 2006, 207-213; Кепеска Л., Кепески К., 2008, 229-245; Кепеска Л., Кепески К., 2010, 255-267;Кепеска Л., Кепески К., 2011, 317-328: Кепеска Л., Кепески К., 2016.

[8] Темелкоски Д., 2017А, 152-162; Темелкоски Д., 2017В, 39-45.

[9] Темелкоски Д., 2017Б, 29-38; Темелкоски Д., 2020, 111-121.

Сл.3 - Микролокација Бедем, Храм на божицата Тихе

Историски пишани извори за градот Стибера

Стибера бил административен центар на областа Деврioп во северозападниот дел на котлината Пелагонија. Страбон (63/4 г.ст.е.-24 г.н.е.) запишал дека трите градови на Деврioп, Брианиј (с. Граиште), Алкомена (с. Бучин) и Стибера лежеле на реката Еригон (Црна Река) и тоа дека оваа област била соседна на областите Линк и Пелагонија.[10] Спомнувања на најрани историски настани поврзани со Стибера се содржани во записите на Ливие (59 г.ст.е.-17 г.н.е.).[11] За време на Втората македонско - римска војна во 200 година ст.е.,при повлекувањето од областа Линк, римската војска под водство на конзулот Сулпикиј во градот се снабдила со житарки. За време на Третата македонско - римска војна, Стибера станува една од главните бази при воената одбрана на Македонија во овој потесен географски простор, а пред налетите на Илирите - сојузници на Римјаните. Така, во вториот запис Ливие посочува дека последниот антички македонски крал Персеј во169 година ст.е. во Стибера го организирал својот воен команден штаб пред походот кон најголемиот град Ускана (денешно Кичево)[12] на соседните Пенести. По завршувањето на походот, кралот се враќа во базата и додека тука ги чекал своите луѓе кои ги пратил да преговораат со илирскиот крал Генцие, извршил продажба на непријателските заробеници.

Со завладувањето на Рим, особено во периодот на pax romana, населените места во внатрешноста на Империјата, вклучително и во котлината Пелагонија, доживуваат силен економски просперитет. Низ нејзиниот битолски дел поминувала мошне важната Via Egnatia, која ги поврзувала брегот на Јадранското Море со копнена Грција. Од Хераклеја, а во правец кон север, се издвојувал т.н. Транспелагониски пат (со станиците Стибера-Керамиа-Стоби), кој водел понатаму кон вардарската долина.[13] Од Стибера по течението на Црна Река кон запад, поминувал т.н. Еригонски пат, со кој таа била поврзана со другите два града на областа Деврioп, Алкомена и Брианиј, а понатаму со илирската област на Пенестите.[14]

Во подоцнежната позната Пајтингерова карта на комуникационата траса која ги поврзувала Стоби и Хераклеја, на местото каде што би требало да биде означена Стибера било внесено само растојанието од 11 милји (17 км.) до населбата Керамие (денешна населба Варош во градот Прилеп). Ова растојание се совпаѓа со дистанцата од Прилеп до селото Чепигово.[15] Последен запис за античка Стибера е од страна на анонимниот географ од Равена (околу 800 година) при набројувањата на станиците помеѓу Стоби и Хераклеја.[16]

За предримска Стибера

Во сите досега публикувани резултати од погоре наведените археолошки истражувања извршени на античка Стибера, главно се презентирани откритија (градби и движни наоди) кои го

[10] Папазоглу Ф., 1957, 212.
[11] ibid, 1957, 217.
[12] ibid., 2009, 134.
[13] ibid , 2009, 135.
[14] ibid, 134.
[15] Микулчиќ И., 1996, 19.
[16] Папазоглу Ф., 1957, 218.

претставуваат егзистирањето на градот за време на владеењето на Римјаните на овие простори, а завршно со преминот од III во IV век, кога градот веројатно како последица на варварските налети на северните народи престанува да постои.[17] Според откриените наоди, во својот зенит за време на династиите на Антонините и Северите (I и II век), Стибера броела повеќе од 20 000 жители, што за тоа време претставувала вистински мегаполис.[18]

За предримски градежни остатоци, единствено и накратко е спомнато дека обsидието - бедемот на акрополата на ридот Бедем е подигнато во хеленистичкиот период, но можеби и нешто порано во доцноархајскиот класичен период.[19] Дека на тој акрополен простор постоеле градби уште за време на владеењето на македонските кралеви, а сигурно и пред потпаѓањето на областа Деврио под Македонија, несомнено упатува натписот под централната ниша во Храмот, во која најверојатно стоела статуа на божицата Тихе. Овој епиграфски споменик говори за обновата на Храмот со средства подарени од Антестија Фуска во 127 година,[20] што значи дека светилиштето постоело и порано. Силната хеленистичка традиција во целокупното изразување на локалното население во Стибера, секако со дозвола на централната империјална власт, е лесно воочлива на многубројните пронајдени епиграфски споменици, речиси сите со натписи на старогрчки јазик.[21] Следствено на таа традиција, својата божица заштитничка граѓаните и после обновата на Храмот ја чествуваат како Тихе, односно не е наметнат нејзиниот романизиран пандан Фортуна.[22]

Со истражувањата на акрополниот простор јужно од Храмот реализирани од 2014 до 2018 година, за првпат се евидентираат градежни остатоци на градби од предримско време. Конкретно, евидентирана е прва фаза на егзистирање на Работилницата за изработка на теракотни фигурини и светилки, датирана на крајот на хеленистичкиот период.[23] Со подигањето на градбата во служба на Храмот, мошне веројатно во исто време кога е извршена неговата обнова во 127 година,[24] навлезено е во габаритот на Работилницата, при што се покриени остатоците од таа нејзина прва фаза: sидови градени во поскромна техника на сувоsид (за разлика од римсковремените империјални градби кои имаат sидови градени од камења врзувани со варов малтер), јами и печка (Сл. 6, 1). Потоа, крајниот западен дел од Градбата во служба на Храмот со земјоделски работи во минатото е уништен, така што беше овозможено истражување под нејзиното подно ниво (Сл. 6, 2). Откриени се недефинирани архитектонски појави (јами и остатоци од sидови, градени исто така во техника на сувоsид), кои според пронајдениот движен материјал припаѓале на постара градба која егзистирала на тоа исто место. Нивниот изглед и поставеност наведуваат на можноста дека и тие биле делови од првата фаза на Работилницата, која во тој случај би се протегала и во тој простор кон север. Дел од sид (повторно изграден во техника на сувоsид) од уште една градба која со сигурност може да се каже дека постоела во предримско време, е откриена веднаш до Работилницата, односно кон запад од неа (Сл. 6, 3). Со следни ископувања се планира доистражување токму на овие доцнохеленистички градежни сегменти кои се евидентирани во подлабоките откопни слоеви, со што би се оформила појасна претстава за нивната форма и намена.

Со археолошките истражувања на Стибера е откриен мошне богат движен материјал кој се датира во доцнохеленистичкиот период. Тоа се претежно наоди кои претставуваат упади со ерозија или земјоделски работи низ напластените земјени слоеви, а во рамките на истражените подоцнежни римски империјални градби. Иако овие предмети немаат конкретен археолошки контекст, сепак се со голема научна вредност затоа што со нивното присуство е евидентирана разновидност на препознатливите облици за односниот период, како и богатство на карактеристично уметничко и техничко изразување, особено при декорацијата на керамичките садови. Публикувани се сосема мал број од овие наоди. Од истражувањата во 1953 година, непосредниот истражувач Душанка Вучковиќ Тодоровиќ ги презентира само монетите на македонските кралеви и автономните градови, без особен опис и типологизација.[25] Од истите истражувања, како и од оние извршени во 1959 година, Иван Микулчиќ во својата публикувана докторска дисертација објавува неколку наоди на керамички садови и светилки.[26] Со површин-

[17] Кепеска Л., Кепески К., 2016, 30.

[18] Папазоглу Ф., 1957, 220.

[19] Mikulcic I., 1966, 67; Кепеска Л., Кепески К., 2016, 10.

[20] Вучковиќ Тодоровиќ Д., 1963, 77, T.XVII, 28; Papazoglu F., Milin M., Ricl M., 1999, 166, 336, TIL; Калпаковска В., 2004, 25.

[21] Papazoglu F., Milin M., Ric M., 1999, 318-346; Калпаковска В., 2004, 8.

[22] Cermanovič Kuzmanovič A., Srejovič D., 1992, 162, 530.

[23] Темелкоски Д., Macedoniae acta archaeologica 23 (во печат).

[24] Истражувањата на Градбата во служба на Храмот се сеуште во тек.

[25] Вучковиќ Тодоровиќ Д., 1963, 88, 89.

Сл.4 - Микролокација Бедем, Гимназион

ски рекогносцирања извршени од страна на Виктор Лилчиќ, прибрани се 12 бронзени монети на македонските владетели и автономните градови, неколку наоди на фрагменти од калапени чаши, како и три оловни проектили, сите публикувани.[27] Што се однесува до пронајдени наоди во трите откриени доцнохеленистички затворени градежни целини, опишани погоре, евидентирани се само неколку фрагменти од керамички садови и теракотни фигурини, додека помал број на наоди се пронајдени во компактни ерозивни слоеви од односниот период, а помеѓу подоцнежните римсковремени градби.

Анализа на движниот археолошки материјал од предримско време

Во мноштвото движни наоди од Стибера присутни се карактеристични облици на керамички садови, теракотни претстави, светилки, накит и монети од хеленистичкиот период, особено од неговата последна фаза. Единствена причина за отсуство на порани наоди кои типолошки би се вклучиле во претходниот класично-архајски период кога градот бил во рамките на областа Деврioп, односно од времето пред неговото потпаѓање под Македонија, би требало да биде тоа што ниту на една позиција при археолошките истражувања во сите досегашни кампањи не е ископувано во длабочина која би насетила културен хоризонт од тоа време. Од друга страна, големиот број на хеленистички наоди е вистински показател за тоа дека Стибера многу пред својот зенит во римскиот империјален период во I и II век, претставувала развиен урбан центар во областа Деврioп, а во рамките на моќната македонска држава.

Како што е вообичаено на најголемиот број археолошки локалитети, доминантен вид на наоди е садовата керамичка продукција. Во оваа анализа се опфатени оние облици кои преовладуваат со својата застапеност и со богатството и разновидноста на орнаментиката ја вообличуваат претставата за предримскиот период на градот Стибера. Мал број од наодите се сочувани целосно, но сепак присуството на препознатливите облици е осознаено благодарение на мноштво реконструирани фрагментирани примероци.

Ехинус чинии

Ехинус чиниите со полусферичен облик, рабови на венецот вовлечени навнатре и ниско подиг-

[26] Mikulcic I., 1966, 51, 52, 53, 54, 76.

[27] Наодите се чуваат во музејската збирка на Филозофскиот факултет при УКИМ - Скопје: Лилчиќ В., 2009, 140, 141, 143 (забелешка: во каталошкиот приказ е изоставен редниот број 5).

Сл.5 - Микролокација Бедем, Храмот и други објекти на акрополниот дел на градот

нато прстенесто дно, претставуваат еден од најкарактеристичните облици низ целиот хеленистички период.[28] Во раната фаза имаат дебело-куса форма и се поплитки, додека после III век ст.е. веќе се подлабоки. Во Стибера се евидентирани многубројни наоди на ехинус чинии од втората фаза (T.I, 1, 2), додека постариот облик со поплиток реципиент може да се насети кај некои фрагментирани примероци.

Чинии- тип „ихтија“

Според застапеноста, ехинус чиниите се следени уште од еден мошне препознатлив хеленистички облик на чинии, а тоа е типот „ихтија“. Тоа се конусни, плитки и широко отворени чинии за сервирање риба, со лентовиден венец кој првично бил поширок, за на преминот од III во II век ст.е. да станува потесен.[29] Исто така, и кај овој облик неговата рана фаза во наодите од Стибера се препознава преку мошне мал број фрагменти, но евидентиран е еден позачуван примерок, најверојатно од импорт, луксузно декориран со сликана геометриска декорација на венецот и флорални мотиви, врамени во концентрична лента во внатрешноста (T.II, 1).

Кантароси и сликање во west slope техника

Кантаросите (пехари за пиење вино) кои имаат продолжен вертикален испуст на држалките се исто така застапени во помали фрагменти во Стибера. Припаѓаат на подоцнежната доцнохеленистичка варијанта, во однос на претходната појава на држалки со косо подигнат испуст. Често биле декорирани со вегетабилни мотиви (маслинови гранчиња, бршленови лозици и гирланди) изведени со течна, бела или окераста глина. Оваа техника на сликање, позната како west slope техника, се појавува на почетокот на хелонизмот врз основа со црн премаз и се задржува низ целиот II век ст.е., кога садовите веќе имаат површина премачкана со разреден темнокафеав фирнајс.[30] Поретко основата на садовите на која било сликано била без премаз. Со истражувањата на Стибера евидентирани се повеќе фрагментарни наоди од садови со разни облици кај кои се јавува сликањето во оваа техника (T.II, 2, 3, 4), при што кај еден примерок сликањето е со погуста окер боја (T.II, 5).

Чинии - тип „источна тера сигилата А“

Со востоличувањето на новата римска власт во првата половина на II век ст.е., а во текот на

[28] Манева Е., 1979, 18; Соколовска В., 1986, 82; Битракова Грозданова В., 1987, 50, T. XIV, 3, 5; Микулчиќ Г., Карапетков Г., 1996, 71, сл. 7.

[29] Манева Е., 1979, 17; Соколовска В., 1986, 82; Битракова Грозданова В., 1987, 52.

[30] Соколовска В., 1986, 80, T. 22 и 23; Битракова Грозданова В., 1987, 39; Георгиев З., 1990-1991, 99, сл.6; Хусеиновски Б., Спасовска Димитриоска Г., 1999, 166, T. VI, 1; Митревски Д., 2001, 45, сл.48; Миткоски А., Темелкоски Д., 2019, 183, T.XII 2; Миткоски А., Темелкоски Д., 2020, 118, T.II 4.

преодниот период во литературата познат како хеленистичко - римски, првиот облик во садовата керамика што го „носат“ новите владетели и зазема подоминантно место е чинијата од типот „источна тера сигилата А“. Со извориште во работилниците во Мала Азија, оваа чинија е интензивно присутна на археолошките наоѓалишта и кај нас, се до крајот на I век ст.е.[31] Чиниите на ниско прстенесто дно се премачкани со густ, но малку сјајен црвен премаз и на внатрешната страна од дното имаат декорација на втиснати флорални мотиви (најчесто палмети, дабови лисје или розети) во честа комбинација, односно опкружени со концентрични низи од зарези изведени со запчесто колце. Овој облик е многубројно застапен во Стибера (T.III, 1, 2, 3).[32] Како локални имитации претставуваат нешто погрубо изработените чинии без премаз, кои ја имаат само основната боја добиена при печењето (T.III, 4).[32a]

Стамноси

Еден од помаркантните облици во доцнохеленистичките хоризонти на населбите претставуваат мешлестите садови - стамноси.[33] Овие погруби кујнски садови, обележје на II и I век ст.е., имаат топчесто и кусо тело на ниска прстенеста нога, немаат врат, додека устието е обликувано со плочест венец. Две потковичести држалки се поставени симетрично веднаш под него и го надвиснуваат. Овој чест облик на сад во Стибера сепак е застапен во мошне мал број на примероци, а во однос на количинското богатство на пронајдени наоди од доцнохеленистичка садова керамика. Ова може да се објасни со тоа што досега откриените градби на неколкуте пунктови немаат станбена намена, односно тоа се јавни објекти, во кои е нормално стамносот како облик на сад да е присутен со мал број на наоди (T.I, 3).

Калапени чаши

Со експанзијата на хеленистичката култура во почетокот на III век, постепено замира вазното сликарство, како мошне значајно поглавје во развојот на применетата уметност во античкиот свет во источниот дел од Медитеранскиот басен. Со својата распространетост веќе се издвојуваат сериски изработуваните калапени чаши,облик на сад кој е карактеристичен само за наоѓалиштата од хеленистичкиот период и се задржуваат до неговиот крај. Познати се и како чаши од т.н. „мегарски“ тип, според градот во Мала Азија за кој погрешно се претпоставуваше дека е местото во кое овие чаши за првпат почнале да се произведуваат.[34] Имаат полусферична форма и карактеристична декорација со релјефни претстави на вегетабилни мотиви, човечки или животински фигури и поретко геометриски орнаменти. Во раната фаза овие претстави се изведени во повисок релјеф и не заостануваат зад примероците од грчките производствени центри од беотско - атичкиот круг. Постепено, кон крајот на нивното присуство, релјефот станува понизок а претставите, особено фигуралните, се постилизирани.[35]

Декрацијата со вегетабилни мотиви е мошне богата и разновидна. Розети, лотос, акантус, винова лоза, шишарка, имбрекси и палмети се прикажани на дното, слободно по целата површина на телото или врамени во ленти. На територијата на Република Македонија застапени се сите наведени флорални мотиви.[36] Во последната, доцнохеленистичка фаза, преовладува претставата на долгите, вертикално поставени листови, без ребра по средината (long petals).[37] Овој мотив се јавува и во комбинација со стилизиран приказ на македонски штит во вид на розета. Штитот, пак, самостојно го има на дното и поретко низ целата површина, што е честа појава на примероци од Атина, Коринт и Пергамон.[38] Со истражувањата на Стибера откриени се многубројни наоди на калапени чаши со вегетабилна декорација со богат-

[31] Манева Е., 1979, 16; Соколовска В., 1986, 82; Битракова Грозданова В., 1987, 58; Anderson Stojanovic V., 1992, 44, 45, 102, Pl. 27, 225-234 Pl. 86, 729-232; Хусеиновски Б., Спасовска Димитриоска Г., 1999, 168, T.VIII, 3; Митревски Д. и други, 2005, 193, сл. 7; Миткоски А., Темелкоски Д., 2019, 183; Миткоски А., Темелкоски Д., 2020, 118.

[32] Mikulcic I., 1966, 53, T.XVI, 24 - b, c.

[32a] Станчевски И., 74, 15, 16.

[33] Mikulcic I., 1966, 76, 77, T.XXIV, 34 - f; Манева Е., 1979, 19; Битракова Грозданова В., 1987, 58, T.XV, 3; Anderson Stojanovic V., 1992, 131, 132, Pl.129, 1108, 1109; Миткоски А., Темелкоски Д., 2019, 184; Миткоски А., Темелкоски Д., 2020, 118, T.II 8.

[34] Манева Е., 1979, 13.

[35] Mikulcic I., 1966, 76; Битракова Грозданова В., 1987, 52-55.

[36] Соколовска В., 1986, 81, T. 25, 26 и 27; Станчевски И., 1997, 72, сл. 1, 2; Хусеиновски Б., Спасовска Димитриоска Г., 1999, 167, T.VII, 1, 2, 4, 6; Миткоски А., Темелкоски Д., 2019, 183, T.XII, 4, 6; Миткоски А., Темелкоски Д., 2020, 118, T.II, 3.

[37] Битракова Грозданова В., 1987, 55, T.XI, 4, XII, 4; Anderson Stojanovic V., 1992, 122, Pl. 18; Хусеиновски Б., Спасовска Димитриоска Г., 1999, 167, T.VII, 7, 8; Митревски Д., 2001, 45, сл. 49; Митревски Д. и други, 2005, 218, сл. 12, d; Миткоски А., Темелкоски Д., 2019, 183, T.XII 5; Миткоски А., Темелкоски Д., 2020, 118, T.II 1, 2.

[38] Mikulcic I., 1966, 52; Митревски Д., 49; Сламков Е., 2004, 37, сл.45.



Сл.6 - План на истражени градби на микролокацијата Бедем, Јужен сектор - Храм на Тихе

ство на декоративни решенија (T.IV, 1, 2, T.V, 1, 3, 4, 5, 6, 7).[39]

Геометриската орнаменитка на калапените чаши е поретко застапена. Обично се тоа спирали или вертикално поставени канелури и ребра, понекогаш со низи од топчести апликации меѓу нив.[40] Обично овој вид декорација се користел кај примероците со темна (црна) основа, што всушност претставува имитација на гнатија стилот.[41] Во Стибера како и на останатите наоѓалишта, помал е бројот на наоди на калапени чаши со геометриски мотиви (T.V, 8, 9, 10).

Кај чашите со фигурални претстави, како што наведуваме погоре, во првата фаза претставите на луѓе и животни се изведени во повисок релјеф, со силен пластичен ефект и се поразиграни во ставовите. Подоцна изведбата станува стилизирана и во низок релјеф. Што се однесува до сцените, тоа се сегменти од митологијата, од секојдневието, претстави на земјоделски активности, но се забележуваат и идилични сцени како и сцени обоени со еротика.[42] Поради тоа што е мошне чест мотивот на оживување на некоја битка од епот Илијада со претставување на битки или војници во од, овие чаши се нарекуваат и „хомерски“.[43] Во Стибера се пронајдени голем број на фрагментирани наоди на калапени чаши со фигурални претстави (T.VI,1-6),[44] при што се издвојуваат две со претстава на лавови кои влечат кочија (T.VI,7, 8). Лавот е симбол на моќ и се поврзува со кралската куќа на античката македонска држава. Според преданието, олимписки от лав го соборил трофејот на Каран, првиот митски македонски владетел, поради што Македонците како почит кон моќта на лавот по ниту еден повод не кренале трофеј.[45] Овие два наода имаат идентична сцена и пропорции на приказот, но припаѓале на две различни чаши. Едниот примерок е пронајден во затворената целина од доцнохеленистичкиот период под подното ниво на градбата во служба на Храмот (Сл. 6, 2), додека вториот наод е откриен во една од трите јами од постарата фаза на Работилницата (Сл. 6, 1), а само на неколку метри растојание од местото на првиот наод. Овие сознанија наведуваат на размислувањето дека во Работилницата не се изработувале само теракотни претстави и светилки, туку и калапени чаши. Според Иван

[39] Mikulcic I., 1966, 52, 76.

[40] Битракова Грозданова В., 1987, T.X, 4, 6.

[41] Битракова Грозданова В., 1987, 40.

[42] Mikulcic I., 1966, 52.

[43] Манева Е., 1979, 15; Соколовска В., 1986, 81; Битракова Грозданова В., 1987, 54; Хусеиновски Б., Спасовска Димитриоска Г., 1999, 167, T.VII, 3; Ѓорѓиевска А., Насух Е., 2016, 156, 3, 4.

[44] Mikulcic I., 1966, 76, T.XVI, 24.

[45] Шелдаров Н., Лилчиќ В., 1994, 195.

Микулчиќ, во Стибера секако постоела работилница за нивна изработка со оглед на пронајдените неколку наоди на калапи со истражувањата во 1953 и 1959 година.[46] Исто така, во збирката на наоди од Стибера евидентиран е и еден печат со кој со втиснување се изведувал мотивот на долги листови - long petals (T.V,2).

Светилки

Светилките како предмети со значајна утилитарна намена и користени во секојдневието, со своите особености во поглед на изведбата на телото, дискот и клунот се погодни за датирање на културните хоризонти. Едни од најраните хеленистички типови се двете светилки од Стибера, откриени со ископувањата во 1953 година. Карактеристични се по тоа што имаат покусо и подебело тело, поширок отвор на дискот и краток клун. Едната според типологијата на Бронер е од типот VII и се датира на преминот од IV во III век, додека другата припаѓа на тип XII и се јавува на преминот од III во II век.[47] Во исто време се среќава локална појава на светилка само на територијата на античка Македонија, со речиси кружно тело и биконусна профилација и клун кој е проширен во форма на котва.[48] По средината на II век се појавува светилката од т.н. „ефески“ тип, со биконусна профилација на нешто поиздолжено тело кое лежи на ниска прстенеста нога, централниот отвор на дискот е нагласен со ребро, додека клунот на крајот завршува триаглесто, односно во вид на врв на копје.[49] Според типологијата на Бронер, овој вид на светилки се вбројува во тип XIX.[50] Странично може да имаат апликации со симболична улога на држалка и стилизирана вегетабилна орнаментика. Полуксузните примероци имаат лентеста држалка, поставена фронтално на телото, ребрестата профилација која го опкружува централниот отвор на дискот и продолжува кон клунот, а странично се украсени со зракаста декорација.[51] Во Стибера се откриени наоди на светилки во фрагменти, но и целосни. Присутни се облици и од пораните фази, како и најкарактеристичниот „ефески“ тип на светилки (T.VII,1-6).[52]

Теракоти

Мошне голема е бројката на наоди на теракотни претстави во Стибера. Претежно тоа се допојаси на божества и на атипични машки или женски ликови, додека фигурите во целосна големина се поретки. Стибера претставува антички град во кој неговите жители дури и во развиената римска империјална фаза, кога го доживува својот зенит, дрско ги чуваат и негуваат традиционалните хеленистички вредности во уметничкото изразување. Тој хеленизиран начин на прикажување е изразен во теракотните претстави, особено на божествата, речиси се до крајот на егзистирањето на градот (T.VIII, 1, 2). Со оглед на ова, потребна е мошне сериозна анализа за хронолошки да се детерминира мноштвото на овој тип наоди. Како доцнохеленистички со сигурност можат да се дефинираат два примерока. Едниот, кој е претстава на жена со разделена коса на средината(T.IX, 1) е пронајден во компактниот земјен слој помеѓу вертикално делканата карпа и источниот ѕид на Работилницата / Светилиштето (Сл. 6, 4). Овој напластен слој со ерозија содржеше исклучиво движни наоди од доцнохеленистичкиот период. Секако, мошне вреден наод според приказот и археолошкиот контекст на пронаоѓање е и претставата на божица со капа на главата, оформена како претстава на бедеми (T.IX, 2). Овој наод е откриен под подното ниво на градбата во служба на Храмот на заштитничката на градот - Тихе (Сл. 6, 2), што значи во рамките на градба која припаѓала на предримскиот градежен хоризонт. Како што наведовме во уводниот дел, мошне е веројатно при обновувањето на Храмот во горниот акрополен дел на градот во 127 година, да биле обновени и други градби кои постоеле претходно или пак биле подигнати нови врз нив. Наодот според изгледот би можело да е претстава токму на божицата Тихе, чествувана уште во стариот храм од предримско време.

Проектил

Во доцнохеленистичкиот ерозивен земјен слој помеѓу карпата и Работилницата / Светилиштето (Сл. 6, 4), откриен е и еден мошне вреден наод - фрлачки проектил изработен од кварцен камен. Според карактеристиките (облик и тежина) се поврзува со настаните околу третата македон-

[46] Mikulcic I., 1966, T.XVI, 24, g, k, i.

[47] Mikulcic I., 1966, 54, T.XVII, 27 - a, b; Битракова Грозданова В., 1987, 60, T.XVI, 1, 2.

[48] Соколовска В., 1986, 85, T.31, 3-11, 13, 14; Митревски Д., 2001, 45, сл. 50; Митревски Д. и други, 2005, 73, сл. 67, l, 219, сл. 13, b; Јакимовски А., 2008, 187, 188, сл. 1.

[49] Соколовска В., 1986, 85, T.31, 12; Хусеиновски Б., Спасовска Димитриоска Г., 1999, 168, T.IX, 1, 2; Митревски Д., 2001, 45, сл. 50;Јакимовски А., 2008, 188, 189, сл. 3а, 3б; Миткоски А., Темелкоски Д., 2019, 184, T. IX, 5; Миткоски А., Темелкоски Д., 2020, 118.

[50] Битракова Грозданова В., 1987, 60.

[51] Ѓорѓиевска А., Насух Е., 2016, 158, 160, сл. 7, 9.

[52] Mikulcic I., 1966, 54, T.XVII, 27- c, d.

ско-римска војна (170-169 г.ст.е.), кога последниот античко-македонски крал Персеј својот воен логор го сместил токму во Стибера, пред походот кон запад кон Пенестите и нивниот главен град Ускана. Најверојатно останал неискористен од страна на македонската војска во складот за проектили, каде што била стационирана и машинеријата за опсади.[53]

Фибули

Наодите од метал, воопшто и од двата временски периода на егзистирање на градот Стибера се мошне ретки. Како најспецифична хеленистичка форма на накит претставува фибулата од т.н. „малоазиски" тип. Овој тип се појавува уште во VII век ст.е. во Мала Азија и се задржува подолго време, односно до крајот на III век ст.е.[54]Лакот често е украсен со неколку задебелувања моделирани прстенесто, зрнесто, зракасто или во вид на розети, на главата може да е врежана палмета или стилизирана претстава на змијска глава, додека на нозете се аплицирани топчести, поретко квадратни задебелувања. Од крајот на VI век ст.е. без исклучок се присутни на сите наоѓалишта од раната антика и од хеленистичкиот период кај нас. [55]На Стибера, покрај неколку помали фрагменти, пронајдени се две добро зачувани „малоазиски" фибули, на кои им недостига иглата (Т.X, 1, 2). Едната е со три прстенести задебелувања на лакот и квадратни задебелувања на ногата, додека другата е со пет шестолистни розести задебелувања на лакот и топчести задебелувања на ногата.

Монети

За крај во описот на предримски движен материјал ги презентираме монетите, како тип на наоди кој најпрецизно овозможува датирање на културните слоеви на археолошките наоѓалишта. Со истражувањата во Стибера евидентирани се поголем број монети на македонските владетели, како и неколку автономни монети на градовите. Најстари се бронзените наоди на градовите Амфипол (424-358 г.ст.е.) и Филипи (околу 375 г.ст.е.).[56] Присуството на овие монети дефинитивно ја поместуваат хронолошката рамка на егзистирање на градот најрано кон преминот од V во IV век ст.е. Во анализата на останатите движни наоди откриени во Стибера, што ги опишавме претходно, не среќаваме друг наод со оваа старост. Ова е од причина што монетите како предмети со поголема вредност, останале зачувани, а мошне веројатно биле и во употреба и нешто подоцна, во времето кога градот веќе потпаднал под власт на Македонија.

Вкупно 49 монети на македонските владетели се пронајдени на Стибера. Најрани се двете бронзени на Филип II (359-336 г.ст.е.) од типот 22 (според Шелдаров Н., Лилчиќ В.),[57]со аверсна претстава на Аполон, додека на реверсот е прикажан коњаник.[58] Само од Александар III (336-323 г.ст.е.) се пронајдени монети ковани во два метала, сребро и бронза: една тетрадрахма од типот 9, еден примерок на драхма од типот 13 и бронзена од типот 29 со Аполон на аверсот и коњ на реверсот.[59] Касандар (316-297 г.ст.е.) е претставен со три наоди од бронза од типот 3, со Херакле како аверсна претстава и реверс со коњаник, додека еден примерок е од типот 9, односно со Аполон на аверост и трипод на реверсот.[60] Од следниот владетел Деметриј I (294-287 г.ст.е.) се евидентирани две бронзени монети од типот 29 со штит и монограм на аверсот и шлем на реверсот.[61] Антигон Гонат (277-239 г.ст.е.) е застапен со единаесет бронзени примероци од типот 3 со Атина, со шлем на аверсот и Пан кој подига трофеј на реверсот, додека од типот 4 (Херакле на аверсот и коњаник што отпоздравува на реверсот) се евидентирани три монети.[62] Од Филип V (221-179 г.ст.е.) се пронајдени по четири монети од типот 7 (аверс Зевс / реверс коњаник)[63] и од типот 10 (аверс Херакле / реверс две кози),[64] како и по една од типот 12 (аверс Хелиос / реверс крилеста молња) и од типот 26 (аверс Персеј / реверс орел со молња). Последниот македонски крал Персеј (179-168 г.ст.е.) е застапен со 14 нумизматички, исто така бронзени наоди, сите со претстава на Персеј на аверсот и орел со раширени крилја кој во канџите држи молња или рало (типови 4, 5 и 7).[65]

---

[53] Петров О., Темелкоски Д., 2015, 119-128.

[54] Китаноски Б., 1966, 1-14.

[55] Соколовска В., 1986, 89; Битракова Грозданова В., 1987, 76; Митревски Д., 1997, сл. 176, 3, 4, 5; Миткоски А., Темелкоски Д., 2019, 184,Т IX, 7.

[56] Вучкович Тодорович Д., 1963, 89.

[57] Типологизацијата е направена за евидентираните претстави во Република Македонија: Шелдаров Н., Лилчиќ В., 1994.

[58] Вучкович Тодорович Д., 1963, 89; Лилчиќ В., 2009, 141,1.

[59] Вучкович Тодорович Д., 1963, 89; Лилчиќ В., 2009, 141,2.

[60] Вучкович Тодорович Д., 1963, 89; Лилчиќ В., 2009, 141,3.

[61] Вучкович Тодорович Д., 1963, 89.

[62] Вучкович Тодорович Д., 1963, 89; Лилчиќ В., 2009, 141,4, 6, 7, 8.

[63] Лилчиќ В., 2009, 141, 9.

[64] Вучкович Тодорович Д., 1963, 89; Лилчиќ В., 2009, 141, 10.

[65] Вучкович Тодорович Д., 1963, 89; Лилчиќ В., 2009, 141, 143, 11, 12.

Од автономното ковање на градовите по воспоставувањето на римската власт (168-148 г.ст.е) се откриени вкупно 16 бронзени монети, една постхумна на Филип V и Персеј, седум на Тесалоника и по четири примероци на Амфипол и Пела.[66] Присуството на една сребрена и две бронзени монети на Дирахион, говорат за развиена комуникација на Стибера со ова значајно античко пристаниште на Јадранскиот брег во текот на III - II в.ст.е.[67]

Презентираниот материјал кој припаѓал на предримското живеење на градот Стибера е само мал дел од евидентираното богатство на наоди. За негово подобро презентирање потребно е време и поопфатна студиска анализа, со што би го добил заслужениот третман. Со идни археолошки истражувања треба да се отворат нови површини во подлабоките хоризонти, а во кои беа евидентирани засега скромните остатоци од градби од хеленистичкиот период, со што ќе се надополнат сознанијата за раното егзистирање на градот Стибера во предримско време.

Користена литература:

Aleksova B., 1959, *Cepigovo*, Arheoloski pregled 1, Beograd, 127, 128

Anderson-Stojanović V., 1992, *Stobi, The Hellenistic and Roman Pottery*, Princeton Legacy Library

Археолошка карта на Република Македонија, 1996, Том 2, МАНУ, Скопје

Битракова Грозданова В., 1987, *Споменици од Хеленистичкиот период во СР Македонија*

Вулиќ Н., 1931, *Антички споменици наше земље*, Споменик LXXI, САН, Београд

Вулиќ Н., 1941-48, *Антички споменици наше земље*, Споменик XCVIII, САН, Београд

Вучкович Тодорович Д., 1963, *Styberra - антично поселение в селе Чешигове в окрестностях Прилепа*, Archaeologica Iugoslavica IV, Beograd

Георгиев З., 1990-1991, *Три предримски населби крај Пчиња*, ГЗФФ, кн. 17-18, Скопје

Ѓорѓиевска А., Насух Е., 2016, *Хераклеја Линкестис, истражувања 2008-2004*, НУ Завод и музеј Битола

Јакимовски А., 2008, *Антички светилки од збирката на Музеј на град Неготино*, МАА 18, Скопје

Калпакоска В., 2004, *Епиграфски сведоштва за жителите на Стибера*, НУ Завод и Музеј Битола

Кепеска Л., Кепески К., 1990, *Истражување на секторот „В“ - Стибера*, МАА 11, Скопје, 161-170

Кепеска Л., Кепески К., 2008, *Портретна и култна пластика од Стибера*, МАА 18, Скопје, 229-245

Кепеска Л., Кепески К., 2010, *Мермерна пластика - Стибера 2008-2009*, МАА 19, Скопје, 255-267

Кепеска Л., Кепески К., 2011, *Почитување на царскиот култ во Стибера*, МАА 20, Скопје, 317-328

Кепеска Л., Кепески К., 2016, *Стибера*, Министерство за култура на Република Македонија, УЗКН, Скопје

Кепески К., 2006, *Торзо од Стибера*, Macedonia acta archaeologica17, Скопје, 207-213

Китаноски Б., 1966, *Фибули од V-III век од старата ера во Народниот музеј во Прилеп*, Зборник на археолошкиот Музеј - Скопје, Кн. IV-V, 1-14

Лилчиќ В., 2009, *Линкестида и Деврионо*, Том 1, Македонска цивилизација, Скопје

Манева Е., 1979, *Неколку типови и форми на елинистичка и римска керамика од Хераклеја*

Микулчиќ Г., Карапетков Г., 1996, *Марвинци 1994 - некропола*, МАА 14, Скопје, 67-75

Mikulcič I., 1966, *Pelagonija u svetlosti arheoloskih nalaza*

Микулчиќ И., 1996, *Стибера - топографија, историјат, градби*, Македонско наследство 1, Скопје, 15-36

Митревски Д., 1997, *Протоисториските заедници во Македонија*, РЗЗСК, Скопје

Митревски Д., 2001, *Старомакедонски град на Вардарски рид*, Музеј на Македонија, Скопје

Митревски Д. и други, 2005, *Вардарски рид*, Том 1, Филозофски факултет, Скопје

Миткоски А., Темелкоски Д., 2019, *Локалитетот Ридот кај село Мажучиште,* МАА 21, Скопје, 173-198

[66] Вучкович Тодорович Д., 1963, 89; Лилчиќ В., 2009, 143, 13.

[67] Вучкович Тодорович Д., 1963, 89.

Миткоски А., Темелкоски Д., 2020, *Локалитет Кукул - Баба кај Прилеп*, МАА 22, Скопје, 109-132

Папазоглу Ф., 1957, *Македонски градови у римско доба*, Жива антика, Књига 1, Скопје, 216-221

Papazoglu F., Milin M., Ricl M., 1999, *Inscriptiones Graecae*, Volumen X, Pars II, Fasciculus II, Sectio Prima, Berlin

Петров О., Темелкоски Д., 2015, *Проектил од каменофрлачка постројка од археолошкиот локалитет „Бедем", с.Чепигово (Стибера)*, Stowianskie teksty kultury, Samokowskie kontynuacje II, Institut Filologii Slowianskiej UAM, ИССК, Poznan – Прилеп, 119-128

Сламков Е., 2004, *Уметноста на Вардарски рид* (каталог од изложба), НУ Музеј - Гевгелија

Соколовска В., 1986, *Исар Марвинци и Повардарјето во античко време*, Скопје

Станчевски И., 1997, *Доцномакедонски депозит од Гурбита*, Македонско наследство 3, Скопје, 70-74

Темелкоски Д., 2017А, *Собрание - Булевтерион во Стибера*, Зборник на трудови 20, Завод и Музеј и Галерија - Битола, 152-162

Темелкоски Д., 2017Б, *Археолошки истражувања на локалитетот Стибера, с. Чепигово - Истражувачко поле Храм Тихе - јужна тераса, објекти Работилница и Светилиште*, Археолошки информатор 1, ЗГ Менелај, Прилеп,29-38

Темелкоски Д., 2017В, *Археолошки истражувања на локалитетот Стибера, с. Чепигово - Истражувачко поле Храм Тихе - северно плато, објект Булевтерион*, Археолошки информатор 1, ЗГ Менелај, Прилеп, 39-45

Темелкоски Д., 2020, *Стибера - антички урбан центар во Пелагонија*, Списание на трудови на Друштво на наука и уметности - Прилеп, 111-121

Темелкоски Д., *Работилница и Светилиште во Стибера*, МАА 23 (во печат)

Хусеиновски Б., Спасовска Димитриоска Г., 1999, *Вардарски рид - Гевгелија* (истражувања во 1994 година), МАА 15, 157-182

Cermanovič Kuzmanovič A., Srejovič D., 1992, *Leksikon religija i mitova drevne Evrope*, Beograd

Шелдаров Н., Лилчиќ В., 1994, *Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Република Македонија*, Македонска цивилизација, Скопје

Duško TEMELKOSKI

PRE-ROMAN STYBERRA

Summary

The past research of the ancient town Styberra in vicinity of the village Čepigovo, had the accent to discover the remains from edifices from the Roman period. The town that was located a century ago, is known as an urban center on the river Erigonus (Crna reka) in the region Deuriopus in the north-west valley of Pelagonia, that had the zenith in the imperial Roman period, when ruled the dynasties Antonini and Severan (1st and 2nd centuries). Furthermore, all the presentation in publications, exhibition projects where aimed to represent the Roman Styberra.

After the long research campaign some rich archeologic finds where discovered that shows the grandeur of this city even before the arrival of the Romans. Dominate the known Hellenistic forms in pottery (ehinus plates, plates from the "ichtia", plates from the terra sigillata A, kantharos, stamnos, cast in mold cups). It is very important about the occurrence of characteristic resolutions from the Hellenic period: painting in the "west slope" technique for the extra luxury pottery, with inserted floral motives bottom of the plates, with encompassed with concentricity row of incision on the plates from "east terra sigillata A", likewise the serial production of cast made mold cups with vegetative, floral and geometric ornaments. Although the finds are in small numbers from the early Hellenistic period, they determine the beginning chronology for existence of this town in the 4th century. With the pottery lamps more rustic forms are found, with the presence of two familiar types, the Macedonian lamps with a wide nozzle in form of an anchor, and the lamp of the "Ephesus "type with a spear form nozzle. The finding of terracotta's is large. Having in mind that Styberra existed to the 4th century, there was still a well-kept strong influence of the Hellenistic values in the artistic expression, and for terracotta's there is a need for a more serious and analysis of the images, because exists a long interwoven expression from the Hellenic-Roman manner in the works. The presence of Hellenic images of divinities, busts and figures were atypical of male and female images ,and in a lesser amount are the military images .

From the Hellenic and the Roman period in Styberra is small of the number of finds from metal. For the jewelry beforehand of the Roman period have a specific form, distinctive are the fibulas of the so called the "Asia-Minor" type. From the numismatic finds, the oldest examples come from Amphipolis (424-358 B.C.) and Philippi (about 375 B.C.), while from the Macedonian rulers are found 47 bronze coins, and one silver tetradrachm and drachma from Alexander III. The earliest find of coins from the kingdom are two bronze coins from Philip V . From the autonomic minting of the towns after the establishing the Roman rule (168-148 B.C.), where discovered 13 bronze coins, and one posthumously from Philip V and Perseus, seven from Thessaloniki, and four examples from Amphipolis and Pella. The existence of one silver and two bronze coins from Dyrrachium speak about a developed communication of Styberra with important ancient harbor on the Adriatic Sea during the 3rd -2nd centuries B.C.

With the future research there is need to open up new horizons, to give evidence for the modest remains from the edifices from the Hellenistic period, giving more knowledge about the early period of Styberra before the Roman period.

Табла 1.

Табла 2.

Табла 3.

Табла 4.

Табла 5.

Табла 6.

Табла 7.

Табла 8.

Табла 9.

Табла 10.